РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Државен просветен инспекторат**
Бр. 09 – 21/6
21.12.2022 година
Делчево

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
13. 01. 2023
15-171/1

| ООУ„Никола Петров Русински“ - Русиново | |
|---|---|
| Извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 28–30.09.2022 година |
| **Број на извештај:** | 3/2/22 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Сашко Ефтимовски |
| **Вид на училиштето:** | Основно училиште |
| **Основач на училиштето:** | Општина Берово |
| **Наставен јазик:** | Македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 80 |
| **Полова структура на ученици:** | Машки 40 и женски 40 |
| **Број на наставници:** | 15 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Драгица Тушевска |
| **Директор на училиштето:** | Илчо Алаѓозовски |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 17, 20 и 21.02.2017 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул.Борис Кидрич бр.1 Русиново |
| **Телефон:** | 033 448 522 |
| **Факс:** | 033 448 522 |
| **e-mail:** | rusinski_rusinovo@yahoo.com |
| **Оценка** | 2.81 |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник

# Резиме

Интегралната евалуација во ООУ"Никола Петров Русински" во Русиново, општина Берово, беше реализирана во периодот од 28-29.09.2022 година.

Поради пандемиските услови на работа, интегралната евалуација беше одлагана во март 2020 и во ноември 2021 година.

За време на дводневниот надзор (поради малиот број на наставнии и ученици, иако согласно планот се предвидени три дена) тимот на Државни просветни инспектори ги спроведе сите планирани активности предвидени со Прирачникот за вршење на интегрална евалуација. Посетени беа сите наставници кои реализираат настава во училиштето, се одржаа планираните состаноци со директорот на училиштето, стручните соработници, Училишниот одбор, Советот на родители и Училишна заедница.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот по седумте подрачја за квалитет на воспитно образовниот процес, разговорите водени со различните фокус групи, посетата на наставните часови, анализа на доставените прашалници, тимот на Државни просветни инспектори констатира дека квалитетот на целокупната работа во ООУ"Никола Петров Русински" е Добра (2,81).

Воспитно - образовната работа во ООУ"Никола Петров Русински", се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование и за учениците од I, II, IV и Vодделение, согласно новата Концепцијата за основно образование. По наставните предмети: биологија, хемија, природни науки, математика и физика, наставата се реализира според превземените и одобрени програми од Меѓународниот центар за наставни програми (CambridgeInternationalExaminationCentre), адаптирани од БРО и одобрени од МОН.

Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е Акционен план за реализација на активности во рамките на проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието", План за унапредување на МИМО и Годишно планирање на активности од наставниците во рамките на проектот МИМО.

Во училиштето се реализира и програма - Образование за животни вештини. Во III одделение и од VI до IX одделение се планираат и реализираат содржини – работилници на часовите на одделенската заедница, од страна на одделенските раководители. Во I и II одделение, содржини од програмата Образование за животни вештини се планираат и реализираат во склоп на слободни активности, како еднократни работилници. Во IV и V одделение, Образование за животни вештини на учениците им се понудени како слободни изборни предмети, во категорија на изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на ученикот и истиот по избор на учениците се изучува во V одделение.

Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Изготвен е и План на активности за реализација на еко – програмата врз основа на кој во училиштето се реализираат активностите.

Во рамките на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за Антикорупциска едукација за учениците. Учениците се здобиват со знаења за основните поими - корупција, етика, морал, одговорност, непотизам, измама, конфликт на интереси, се запознаат со степенот на корупција во македонското општество и неговите последици, со законските механизми за борба против корупцијата и се здобиваат со вештини за борба против коруптивното однесување и зајакнување на активната антикорупција.

Во училиштето е идентификувани еден ученик со потешкотии во учењето. Со ученикот се работи според ИОП по добиена согласност од родител.

Во училиштето има воспоставена процедура за избор на изборни предмети.

Согласно наставните планови се спроведува и постапката за избор на слободни изборни предмети во IV и V одделение, преку анкетирање, согласно новата концепција за основно образование.

Со Годишната програма за работа на училиштето, се планираат и реализираат воннаставните активности, во согласност со потребите и интересите на учениците.

При реализацијата од страна на училиштето, подеднакво е дадена можност за вклучување на сите ученици, без разлика на пол и социјален статус на секој ученик. Воннаставни активности се реализираат и преку: литературно – рецитаторска секција, музичка секција, секција на млади математичари и физичари, јазична секција, секција по екологија, спортски активности, секција по географија и историја и по други наставни предмети.

Во второто полугодие на учебната 2019/20 година и во учебна 2020/21 година, кога наставата се изведувала он-лајн, воннаставните активности делумно се реализирани, како и ученичките натпревари.

Во последните две учебни години, поради пандемијата, не се организирани и реализирани ученички екскурзии

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „Петлец", но во последните две учебни години не се реализирани спортски активности, а како причина се наведува пандемијата со Ковид 19.

Стручната служба во училиштето изготвува детални извештаи, во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, етничка припадност, по наставни предмети и одделенија, за сите квалификациони периоди.

Успехот на учениците согласно изготвените изештаи на крајот од првото полугодие од учебната 2019/2020 година изнесува 3,94, во учебната 2020/2021 година – 3,74 и 3,77 на крајот од првото полугодие од учебната 2021/2022 година.

Средниот успех на учениците, на крајот на учебната година, во последните три учебни години, изнесува 4,20 во учебната 2019/2020 година, 4,16 во учебната 2020/2021 година и на крајот од учебната 2021/2022 година, средниот успех изнесува 4,17.

Постигањата на учениците, при премин од одделенска во предметна настава се следат од страна на училишниот педагог. Постигањата при премин од основно во средно образование се следат само за учениците кои своето образование го продолжуваат во средното училиште во општината, од каде што добиваат податоци за постигањата на учениците, според кои податоци најголем број ученици го задржуваат успехот при премин во средно образование.

Со учениците од II, IV и V одделение, дополнителна и додатна настава се планира во образец за неделно планирање и се реализираат во склоп на други активности.

Во учебната 2019/2020 година е извршено советување на 4 родители по основ на намален успех во учењето, во учебната 2020/2021 година е извршено советување на 3 родители и во учебната 2021/2022 година е извршено советување на 3 родители по основ на намален успех. Психологот на училиштето води евиденција за советување на родителите.

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и наставниците, учествувале на конкурси и натпревари кои биле организирани на општинско, регионално и државно ниво. Во последните три учебни години учениците учествувале на натпревари по природни науки, физика, биологија, математика, хемија, француски јазик, англиски јазик, географија, на кои се стекнале со освоени први, втори или трети награди или

биле пофалени за учество. Во периодот на Ковид пандемијата, најголем број од натпреварите биле реализирани онлајн.

Во училиштето се прогласува ученик на генерацијата, кој се наградува со награда обезбедена од училиштето.

Училиштето има изградено систем и презема активности да ги опфати децата - училишни обврзници од с.Русиново.

Податоци за училишните обврзници се обезбедуваат од Министерството за внатрешни работи преку општината. Уписот на децата го врши комисија формирана од директорот.

Во училиштето постои тенденција на намалување на бројот на запишани ученици, поради запишување на ученици во друго училиште од општината или во училишта во други опшштини или поради заминување во странство на семејствата.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците. Просечниот број на изостаноци на ниво на училиште е мал. Во учебната 2020/2021 година бројот на оправдани изостаноци по ученик изнесува 1,96, неоправдани изостаноци нема и во учебната 2021/2022 година бројот на оправдани изостаноци изнесува 1,04, неоправдани изостаноци нема.

Во однос на оценување по поведение на учениците, во последните три учебни години сите ученици се со примерно поведение.

Годишните извештаи и споредбените анализи покажуваат дека во изминатите три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината.

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на педагогот и психологот во нивните годишни програми за работа. Наставниците изготвуваат годишни , тематски планирања и дневни подготовки, додека наставниците од I и II и IV и V одделение изготвуваат годишни и неделни планирања и сценарио за наставен час. За евентуалните пропусти, наставниците се известуваат, а пропустите кај најголем број наставници се отстрануваат.

При задавање и проверка на домашната задача, поголем број од наставниците не се придржуваат до дидактичките насоки согласно Упатството за начинот и формата на подготвување, планирање, задавање, реализирање и следење на домашните задачи на учениците од основното образование.

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на педагогот и психологот во нивните годишни програми за работа. Наставниците во предметна настава изготвуваат годишни, тематски планирања и оперативни планови за час (дневни подготовки). Согласно Концепцијата за основно образование, наставниците во одделенска настава (освен во трето одделение) реализираат нови наставни програми врз основа на изготвените планови за реализација на наставните програми за секоја тема и сценарија за час од страна на стручните активи, како и неделни планирања изготвени од наставниците индивидуално, кои се основа за водењето на електронскиот дневник.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим (Одлука бр.09-166/1 од 16.09.2022 година), кој има изготвено програма за работа. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП за еден ученик со потешкотии во учењето.

Поголем број од наставниците користат разновидни наставни форми, методи и техники во наставата. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група,

во парови или со целата паралелка, но методите што ги користат не се секогаш соодветно избрани, односно се користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците.

Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата. За реализација на наставата се користат и 28 персонални и 19 лап топи распоредени во 4 кабинети и 4 училници, како и 6 интерактивни табли. Континуирано се врши и набавка на наставни и нагледни средства во училиштето.

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Поголем број од наставниците изготвуваат сопствени критериуми за оценување врз основа на стандардите за оценување, за сите програми според кои реализираат настава. Годишните оценки се сумативни и произлегуваат од формативното оценување во текот на годината, но се препознатливи отстапувања во оценувањето, што е потврдено и од учениците и од родителите кои сметаат дека на крајот на учебната година се ставаат повисоки оценки од оние на полугодие.

Со податоците за постигањата на учениците, родителите редовно се информираат на родителските средби, на индивидуални средби, а писмено преку евидентните листови за секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година.

Најголем број од наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е – Дневникот.

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците. Во училишниот простор има 8 ПП-апарати и сите се сервисирани. Има сертифициран обучен кадар (14 наставници) за давање на прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето. Училиштето има интерен акт со шеми за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди, План за заштита и спасување, а последна извршена вежба за евакуација е на ден 21.09.2022 година.

Училишниот објект, вработените, учениците и ИКТ опремата се осигурани.

Пристапот во училиштето е прилагоден за влез на лица со физичка попреченост.

За време на одморите се организираат дежурства од страна на наставниците и учениците.

Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во училишната зграда има истакнати забрани за носење оружје, за пушење, конзумирање на алкохол и наркотични средства. Во училиштето не се евидентирани појави на пушење и конзумирање на алкохол.

Од страна на училишниот педагог и психолог со учениците се организирани голем број на работилници.

Училиштето има донесено Кодекси на однесување на учениците (бр.02-289/2 од 16.09.2020 година) и на наставниците (бр.02-94/4 од 02.07.2010 година) како и Куќен ред (бр.01-45/1 од 26.02.2014 година).

Хигиената во училишните простории, ходниците, дворот и тоалетите е добра. Планираните годишни активности како дезинфекција, дезинсекција и дератизација, се спроведуваат редовно (оваа учебна година на 02.09.2022).

Сите вработени и ученици вршат систематски прегледи. Систематски преглед на вработените е извршен на 18.11.2021, а санитарни прегледи на 13.09.2022 година. За сите ученици училиштето поседува потврди за редовно примени вакцини.

Училиштето организира активности за професионална ориентација на учениците согласно Програмата за професионална ориентација која е составен дел на Годишната програма за работа. Предвидени се активности за самоспознавање на учениците преку работилници на одделенските часови во осмо и деветто одделение, ликовно и писмено изразување на идните занимања, тест за професионални интереси.

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра. Училиштето ги утврдува потребите од наставни средства и помагала и настојува да ги обновува согласно потребите на воспитно-образовниот процес.

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Во училиштето се работи според Програма за усовршување и професионален развој на наставниците и таа е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Училишната библиотека располага со 2895 наслови со околу 8000 примероци, училишна лектира, прирачници и стручна литература и литература од различен жанр - романи, поезија, слободна литература, домашна и светска литература, изданија од нобеловци. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности.

Библиотечна евиденција се води во книга, но не и електронски. Евиденцијата е целосна и од неа не може да се утврди точната бројка на наслови и примероци -

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес.

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива. Сите членови се со легитимни мандати. Во работата на училишниот одбор се вклучуваат двајцата преставници од ученичкиот парламент.

За членовите на Училишниот одбор не се спроведени обуки за успешно извршување на улогата и зајакнување на сопствените капацитети. Училишниот одбор има сопствен Деловник за работа, бр.0901-83/1 донесен на 27.02.2020 година, во кој е пропишан начинот на работење, повикувањето на состаноци, присуството на членовите на одборот и други обврски.

Статутот на училиштето е со бр. 01-236/1 од 17.12.2019 година и е усогласен со законските измени.

Училиштето има изработено Самоевалуација со бр. 09-160/4 од 29.06.2021 и Програма за развој бр. 01 – 180/1 од 07.07.2021, за период 2021-2025 година.

Програмата за развој е усвоена на седница на Училишен одбор со Одлука бр.09-178/2 од 07.07.2022. Годишната програма за работа на училиштето е со дел.бр.01-32/3 од 22.07.2022 година истата е усвоена од советот на општина Берово со Заклучок бр.09-3132/1 од 22.08.2022 година.

## Карактеристики на училиштето

Воспитно образовната дејност се реализира во една зграда, сопственост на ОУ „Никола Петров-Русински " Русиново, без подрачни училишта.

Училиштето се наоѓа во центарот на село Русиново и има над 75 годишна традиција на постоење.

Училишната зграда е изградена во 1947 година со површина од 1 358 $м^2$ , располага со: 5 училници и 6 кабинети, библиотека, канцеларии за директор, наставници и стручни соработници, за административна служба, просторија за техничкиот персонал, котлара и работилница, како и училишна кујна која не е во функција, но се користи училишната трпезарија за појадок на учениците.

Просториите во училиштето се загреваат преку систем со топловодно греење на нафта (два котли со моќност од 166 kW).

Во учебната 2022/23 година, во училиштето настава посетуваат вкупно 80 ученици од I до IX одделение.

Училиштето располага со простран ограден училишен двор со површина од 4004$м^2$, во кој се сместени три спортски терени со површина од 1800$м^2$, биста на патронот, парк со тревнат дел, патеки и терен покриен со бекатон плочки со поставени клупи за одмор на учениците за време на одморите и фонтана.

Реализацијата на голем број проекти во последните неколку години, училиштето го оспособиле, осовремениле и го направиле целосно функционално преку задоволување на потребите од просторни услови, нагледни средства и компјутерска опрема, ентериерно и екстериерно санирање на училишната зграда.

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот процес во училиштето го реализираат 5 наставника во одделенска настава, 10 наставника во предметна настава или вкупно 15 наставници ( 13 со ВО и 2 со ВШО ).

Со мал фонд на часови работно се ангажирани и шест наставници од училиштата во општина Берово.

Училишната библиотека располага со вкупно 2 895 наслови (8 350 книги) од различен жанр (лектирни изданија, слободна литертура, домашна литература, светска литература, стручна литература, изданија од нобеловци и др.), а во неа работно се ангажирани пет наставници со неполн фонд на часови.

Со акт за верификација бр. 10-1433/3 од 12.06.1995 г. е верифицирана дејноста на училиштето за редовно основно образование од страна на Министерството за образование и наука.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Воспитно - образовната работа во ООУ„Никола Петров Русински“ – Русиново, се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование и за учениците од I, II, IV и V одделение, согласно новата Концепцијата за основно образование.

По наставните предмети: биологија, хемија, природни науки, математика и физика, наставата се реализира според превземените и одобрени програми од Меѓународниот центар за наставни програми (CambridgeInternationalExaminationCentre), адаптирани од БРО и одобрени од МОН. Наставниците кои реализираат настава имаат посетено обука за реализација на наставата по новата Концепција за основно образовани, организирана од страна на Бирото за развој на образованието.

Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

За реализација на наставната програма по физичко и здравствено образование во I одделение, покрај наставникот по одделенска настава, не се вклучува наставник по физичко и здравствено образование.

Раководителите на одделенијата на почетокот на учебната година ги запознаваат родителите со наставниот план и наставните програми според кои се изведува наставата.

Во училиштето се реализираат и програма - Образование за животни вештини. Во III одделение и од VI до IX одделение се планираат и реализираат содржини – работилници на часовите на одделенската заедница, од страна на одделенските раководители. Во I и II одделение, содржини од програмата Образование за животни вештини се планираат и реализираат во склоп на слободни активности, како еднократни работилници. Во IV и V одделение, Образование за животни вештини на учениците им се понудени како слободни изборни предмети, во категорија на изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на ученикот и истиот по избор на учениците се изучува во V одделение.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е Акционен план за реализација на активности во рамките на проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“, План за унапредување на МИМО и Годишно планирање на активности од наставниците во рамките на проектот МИМО. Планот нуди активности преку кои учениците се запознаваат и учат на прифаќање и почитување на различностите и толеранцијата. Формиран е училишен тим кој ги планира, организира и реализира предвидените активности. Училиштето нема партнер училиште, Меѓуетничката интеграција во наставните планирања за I, II, IV и V одделение е присутна во активностите на наставните предмети кои произлегуваат од Принципот на интеркултурност на кој почива новата концепција за основно образование и активностите придонесуваат во остварување на базичното право на сите деца на квалитетно основно образование.

Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Изготвен е и План на активности за реализација на еко – програмата и во прилог (Еко-одбор; Анализа на состојбата на животната средина; План на активности, следење и евалуација; Поврзување со наставната програма и Еко-кодекс), врз основа на кој во училиштето се реализираат активностите.

Во рамките на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за Антикорупциска едукација за учениците. Учениците се здобиват со знаења за основните поими - корупција, етика, морал, одговорност, непотизам, измама, конфликт на интереси, се запознаат со степенот на корупција во македонското општество и неговите последици, со законските механизми за борба против

корупцијата и се здобиваат со вештини за борба против коруптивното однесување и зајакнување на активната антикорупција.

Во училиштето е идентификуван еден ученик со потешкотии во учењето.

Во училиштето има воспоставена процедура за избор на изборни предмети. Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план, го избираат учениците во согласност со нивните родители.

Согласно наставните планови се спроведува и постапката за избор на слободни изборни предмети во IV и V одделение, преку анкетирање, согласно новата концепција за основно образование.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат планирањата, во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето

Постојат примери на интегрирање на особеностите на локалната средина во планирањата кај одреден број од наставниците. Имплементирањето на вака планираните содржини најчесто е преку посета на објекти и институции кои се карактеристични за средината .

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат.

Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување и обука се следат од страна на стручната служба на училиштето. Врз основа на изразените потреби училиштето ги одредува приоритетите и ги планира обуките.

## 1.3. Воннаставни активности

Со Годишната програма за работа на училиштето, се планираат и реализираат воннаставните активности, во согласност со потребите и интересите на учениците.

При реализацијата од страна на училиштето, подеднакво е дадена можност за вклучување на сите ученици, без разлика на пол, етничка припадност и социјален статус на секој ученик.

За секоја воннаставна активност определени се одговорни наставници. Од страна на наствниците се води евиденција за реализирани воннаставни активности во образец за Педагошка евиденција за воннаставн активности.

Воннаставни активности се реализираат и преку: литературно – рецитаторска секција, музичка секција, секција на млади математичари и физичари, јазична секција, секција по екологија, спортски активности, секција по географија и историја и по други наставни предмети.

Во второто полугодие на учебната 2019/20 година и во учебна 2020/21 година, кога наставата се изведувала он-лајн, воннаставните активности делумно се реализирани.

За афирмирање на училиштето преку воннаставните активности се користи фејзбук страната на училиштето,.

Училиштето учествува на ученички натпревари на општинско, регионално, и државно ниво, како една од формите на воннаставни активности. Поради Ковид – пандемијата, во учебните 2019/20 година и 2020/21 година, поголем број од натпреварите се одржани он-лајн.

Вработените во училиштето, родителите и учениците се запознаени со Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование. Во последните две учебни години, поради пандемијата, екскурзии не се организирани и реализирани.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „Петлец", но во последните две учебни години не се реализирани спортски активности, а како причина се наведува пандемијата со Ковид 19.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1.Постигања на учениците

Стручната служба во училиштето изготвува детални извештаи, во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, по наставни предмети и одделенија, за сите квалификациони периоди.

Успехот на учениците согласно изготвените изештаи на крајот од првото полугодие од учебната 2019/2020 година изнесува 3,94, во учебната 2020/2021 година – 3,74 и 3,77 на крајот од првото полугодие од учебната 2021/2022 година.

Средниот успех на учениците, на крајот на учебната година, во последните три учебни години, изнесува 4,20 во учебната 2019/2020 година, 4,16 во учебната 2020/2021 година и на крајот од учебната 2020/2021 година, средниот успех изнесува 4,17.

Постигањата на учениците, при премин од одделенска во предметна настава се следат од страна на училишниот педагог. Според анализите кои ги изготвува педагогот, за последните три учебни години, најголемо намалување на успехот кај учениците при премин во VI одделение, постои во учебната 2021/22 година, ( од вкупно 17 ученици, успехот од одличен на многу добар го намалиле 7 ученици и од многу добар на добр успех – 3 ученици).

Постигањата при премин од основно во средно образование се следат само за учениците кои своето образование го продолжуваат во средното училиште во општината, од каде што добиваат податоци за постигањата на учениците, според кои податоци најголем број ученици го задржуваат успехот при премин во средно образование.

За учениците кои постигнуваат слаби резултати и за учениците кои постигнуваат одличен успех, училиштето изготвува месечен распоред за дополнителна и додатна настава.

Часовите за додатна настава, најчесто се реализираат со учениците кои се подготвуваат за учество на натпревари. Од страна на наставниците за реализираните часови се пополнуваат формуларите за Педагошка евиденција за дополнителна и додатна настава.

Со учениците од II, IV и V одделение, дополнителна и додатна настава се планира во образец за неделно планирање и се реализираат во склоп на други активности.

Кога кај учениците ќе се евидентира намалување на успехот или поголем број на отсуства од настава, се известува стручната служба во училиштето - психологот, за спроведување на постапка за советување на родители. Во последните три учебни години, реализирани се советувања само по основ на намален успег на учениците.

Во учебната 2019/2020 година е извршено советување на 4 родители по основ на намален успех во учењето, во учебната 2020/2021 година е извршено советување на 3 родители и во учебната 2021/2022 година е извршено советување на 3 родители по основ на намален успех. Психологот на училиштето води евиденција за советување на родителите.

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и наставниците, учествувале на конкурси и натпревари кои биле организирани на општинско, регионално и државно ниво. Во последните три учебни години учениците учествувале на натпревари по природни науки, физика, биологија, математика, хемија, француски јазик, англиски јазик, географија, на кои се стекнале со освоени први, втори или трети награди или

биле пофалени за учество. Во периодот на Ковид пандемијата, најголем број од натпреварите биле реализирани онлајн.

Во училиштето се прогласува ученик на генерацијата, кој се наградува со награда обезбедена од училиштето.

## 2.2. Задржување/осипување на учениците

Училиштето има изградено систем и презема активности да ги опфати децата - училишни обврзници од с.Русиново.

Податоци за училишните обврзници се обезбедуваат од Министерството за внатрешни работи преку општината. Уписот на децата го врши комисија формирана од директорот.

Во училиштето постои тенденција на намалување на бројот на запишани ученици, поради запишување на ученици во друго училиште од општината или во училишта во други опшштини или поради заминување во странство на семејствата.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците. Просечниот број на изостаноци на ниво на училиште е мал. Во учебната 2020/2021 година бројот на оправдани изостаноци по ученик изнесува 1,96, неоправдани изостаноци нема и во учебната 2021/2022 година бројот на оправдани изостаноци изнесува 1,04, неоправдани изостаноци нема.

Во однос на оценување по поведение на учениците, во последните три учебни години сите ученици се со примерно поведение.

Училиштето го следи осипувањето на учениците. Евидентирана е појава на напуштање на училиштето во текот на учебната година. Во текот на учебната 2020/2021 година, испишани се 3 ученици, поради заминување во странство. Во учебната 2021/22 година, испишани и запишани во друго училиште се двајца ученици. Постапката при премин од едно во друго учиилиште е спроведена согласно закон и на учениците им е издадена преведница за запишување во другото училиште.

## 2.3. Повторување на учениците

Годишните извештаи и споредбените анализи покажуваат дека во изминатите три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината. Нема ученици кои по завршување на учебната година поради две слаби оценки да се упатени на дополнителна настава во јуни или поправен испит во јуни/август.

Учениците и родителите се запознаени со правото да поднесат жалба и приговор до Наставнички совет, доколку се незадоволни од оценките по одредени предмети, согласно Законот за основно образование. Во последните три учебни години не се поднесени приговори од страна на родители.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на педагогот и психологот во нивните годишни програми за работа. Наставниците во предметна настава изготвуваат годишни, тематски планирања и оперативни планови за час (дневни подготовки). За наставните предмети: математика, природни науки, биологија, хемија и физика се користат адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ. Согласно Концепцијата за основно образование, наставниците во одделенска настава (освен во трето одделение) реализираат нови наставни програми врз основа на изготвените планови за реализација на наставните програми за секоја тема и сценарија за час од страна на стручните активи, како и неделни планирања изготвени од наставниците индивидуално, кои се основа за водењето на електронскиот дневник.

На почетокот од учебната година наставниците ги доставуваат годишните и тематските планирања кај педагогот, кој врз основа на образец со јасни критериуми, врши следење на квалитетот на планирањата и дава повратна информација. Кај поголемиот дел наставници, доставените планирања ги содржат неопходните елементи за организација и реализација на наставата. Целите на наставата, очекуваните исходи и начинот на оценување се утврдени во планирањата, но не сите наставници ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето.

Поголем број од наставниците навремено ги планираат: редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Се изготвуваат и планови за реализација на „Програмата образование за животни вештини" на одделенските часови, за користење на ИКТ во наставата со потенцирани Е-содржини, интегрирани еко содржини и содржини од проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието. Тимот за меѓуетничка интеграција делумно обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од образованието за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост.

Училиштето им овозможува на наставниците користење на стручна литература и материјали за планирањето на наставните часови, советодавно-консултативна работа на стручната служба, семинари организирани од страна на БРО, стручни совети како резултат на следење и анализа на дневните подготовки. Најголем дел од наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручни активи, и соработуваат со колеги од други училишта од општината. Изготвуваат програми и извештаи за работата на стручните активи во училиштето, а за состаноците се водат записници.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим (Одлука бр.09-166/1 од 16.09.2022 година), кој има изготвено програма за работа. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП за еден ученик со потешкотии во учењето.

Распоредот на часови е изработен во согласност со наставниот план. Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава.

### 3.2. Наставен процес

Поголем број од наставниците користат разновидни наставни форми, методи и техники во наставата. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка, но методите што ги користат не се секогаш соодветно избрани, односно се користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците.

Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата. За реализација на наставата се користат и 28 персонални и 19 лап топи распоредени во 4 кабинети и 4 училници, како и 6 интерактивни табли. Континуирано се врши и набавка на наставни и нагледни средства во училиштето.

Изборот на задачи и активности (со различно ниво на сложеност) за време на часот, не секогаш е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат учебници, материјали за учење и прирачен материјал.

При задавање на домашната задача, поголем број од наставниците не се придржуваат до дидактичките насоки согласно Упатството за начинот и формата на подготвување, планирање, задавање, реализирање и следење на домашните задачи на учениците од основното образование.

Наставниците не секогаш ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата, и поголем број од учениците се активни во процесот на учење. Постои работна дисциплина и атмосфера на часовите.

Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош и соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол и социјално потекло.

Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на стручните соработници и директорот. Најмногу еднаш во полугодие се врши посета на часови кај секој наставник. После посетата на час се разговара и забелешките се користат за подобрување на наставниот процес.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна и стимулативна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот / мултиетничкиот карактер на Република Македонија. Трудовите на учениците се

изложуваат на видни и соодветни места во училницата и училиштето, и истите редовно се менуваат.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен по одделни предмети и сметаат дека не се што се учи е поврзано со секојдневието, применливо и корисно во реалниот живот и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество.

За време на часот, поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид. Формиран е Ученичкиот парламент, кој има изберено раководство, има изготвено програма за работа, изберени се двајца претставници за учество во работата на училишен одбор.

Од одржаните состаноци се водат записници. Сепак, од разговорот со членовите е констатирано дека тие сами не иницираат активности, не се вклучени во подготовката на годишната програма, не дале предлози за воннаставни активности, не се запознаваат со кварталните, полугодишниот и годишниот извештај за работата на училиштето. Потребно е зајакнување на улогата на ученичкиот парламент.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници препознавањето на индивидуалните образовни потреби и пречки во развојот не го вршат систематски. Образовните потреби на учениците треба да се определуваат индивидуално (за секој ученик посебно) и со нивното задоволување да се обезбеди остварување на максималните потенцијали за постигнување на ученикот.

Со учениците кои имаат тешкотии во учењето, стручните соработници и наставниците водат индивидуални разговори, како и разговори со родителите, и се организира дополнителна настава. Поддршката на учениците со потешкотии во учењето во редовна настава, во смисла на задавање на диференцирани задачи за време на часовите како и за домашна работа се применува од мал број наставници.

Психологот заедно со одделенските раководители од шесто до деветто одделение, преку Скала на процена на карактеристиките на однесувањето на супериорните ученици според Ј. Ранцули извршиле проценка на талентирани и надарени ученици. Учениците кои биле издвоени од страна на одделенските раководители покажале успех на натпревари по повеќе предмети. Додатна настава најчесто се реализира за подготовка на ученици за натпревари или како подготовка за тестирање.

За задоволување на потребите на учениците, училиштето ги ангажира учениците во воннаставни активности, општествено корисна работа, учество на општински, регионални и државни натпревари, учество на интерни конкурси, како и конкурси организирани од општината, со што се поттикнува и мотивира нивниот личен напредок.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Поголем број од наставниците изготвуваат сопствени критериуми за оценување врз основа на стандардите за оценување, за сите програми според кои реализираат настава. Годишните оценки се сумативни и произлегуваат од формативното оценување во текот на годината, но се препознатливи отстапувања во оценувањето, што е потврдено и од учениците и од родителите кои сметаат дека на крајот на учебната година се ставаат повисоки оценки од оние на полугодие.

Дел од наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување. Најголем дел континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците во сопствени тетратки или на посебни евидентни листови. Оценувањето е јавно, образложено и транспарентно. Постигнувањата на ученикот со пречки во развојот е во согласност со целите во ИОП.

Поголем број од наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката.

За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите.

Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тромесечие, и свидетелства на крајот на учебната година.

Најголем број од наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е – Дневникот.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупната грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците. Во училишниот простор има 8 ПП-апарати и 1 надворешен хидрант, и сите се сервисирани. Има сертифициран обучен кадар (14 наставници) за давање на прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето. Училиштето има интерен акт со шеми за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди (План за заштита и спасување бр.01-32 од 22.07.2022 година). Последна извршена вежба за евакуација е на ден 21.09.2022 година.

Училишниот објект, вработените, учениците и ИКТ опремата се осигурани.

Пристапот во училиштето е прилагоден за влез на лица со физичка попреченост.

За време на одморите се организираат дежурства од страна на наставниците и учениците.

Училиштето има пишани документи во кои се дефинирани облици на однесување на децата и возрасните, што се сметаат за психичко и физичко насилство. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавните форми на насилство. Не се евидентирани примери на насилство манифестирани од страна на возрасните. Стручните соработници и одделенските раководители реализираат работилници на оваа тема.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците.

Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. На видни места се истакнати знаци и натписи за забрана на пушење. Вработените лица кои се пушачи, пушат во училишниот двор. Од страна на стручните соработници се реализираат предавања и работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Училиштето има пишани процедури за постапување при прекршување на политиките за забрани.

Училиштето има донесено Кодекси на однесување на учениците (бр.02-289/2 од 16.09.2020 година) и на наставниците (бр.02-94/4 од 02.07.2010 година) како и Куќен ред (бр.01-45/1 од 26.02.2014 година).

Училиштето има договорени процедури за обезбедување на материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици. Се спроведуваат хуманитарни акции од страна на подмладокот на Црвен Крст, се организираат хуманитарни базари и слично.

## 4.2 Здравје

Хигиената во училишните простории, ходниците, дворот и тоалетите е добра. Ходниците, скалите, подот во училниците и останатиот училишен простор се чистат најмалку еднаш во денот, мебелот еднаш во неделата, а прозорците, вратите и другиот инвентар по еднаш во секое полугодие. Дворот на училиштето е ограден, чист и озеленет. Во училиштето и дворот има корпи за отпадоци. Планираните годишни активности како дезинфекција, дезинсекција и дератизација, се спроведуваат редовно (оваа учебна година на 02.09.2022).

Сите вработени и ученици вршат систематски прегледи. Систематски преглед на вработените е извршен на 18.11.2021, а санитарни прегледи на 13.09.2022 година. За сите ученици училиштето поседува потврди за редовно примени вакцини.

Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците што заради хронично заболување или сериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовна настава.

Има изготвено Програма за работа со ученици со емоционални потешкотии. За спроведување на процедурите се одговорни стручните соработници, но досега немале такви случаи.

## 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето организира активности за професионална ориентација на учениците согласно Програмата за професионална ориентација која е составен дел на Годишната програма за работа. Предвидени се активности за самоспознавање на учениците преку работилници на одделенските часови во осмо и деветто одделение, ликовно и писмено изразување на идните занимања, тест за професионални интереси. Учениците се информираат за видовите на професии и можностите за школување и со Конкурсот за запишување во средни училишта.

Како дел од активностите се и презентации и посети на средни училишта кои ги запознаваат учениците со програмите кои се реализираат во средното образование, презентација од стручните соработници за важноста од правилен избор на занимање и анкетирање за тоа каде ќе го продолжат образованието.

Училиштето има пишани процедури за грижа за учениците со емоционални проблеми. Досега немале такви случаи за работа.

## 4.4 Следење на напредокот

Поголем број од наставниците водат уредна евиденција за напредокот на постигањата, редовноста, поведението на секој ученик/ученичка. Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на ученикот/ученичката, добиени врз основа на сопствена проценка и интерни критериуми.

Во одделенска настава, се водат ученички досиеја со личните трудови и постигнати резултати на учениците, евидентни листови за секој ученик каде се следи неговиот успех и поведение од страна на одделенските раководители.

Наставниците изготвуваат редовни извештаи по квартали за својата паралелка врз основа на врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи се доставуваат до стручните соработници и директорот за понатамошна обработка и се достапни за сите други наставници, родители и ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

# 5 Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Најголемиот дел од наставниците се почитувани од родителите и учениците, а наставниците и учениците се идентификуваат со училиштето, без исклучок.

Училиштето има добар углед според изјавите на родителите, наставниците и членовите на Училишниот одбор во населеното место и пошироко во општината.

Училиштето има Кодекс за однесување на учениците (02-289/2 од 16.09.2020), во кој се дефинирани сите облици на однесување на учениците.

Дисциплината на учениците во училиштето е на добро ниво, отсуствата се минимални, па поради тоа во минатата учебна година и во првото полугодие од оваа учебна година нема изречени педагошки мерки и намалување на поведението на учениците.

Училиштето има донесено и Кодекс на однесување на наставниците уште во 2010 година, со бр.02-94/4 од 02.07.2010.

Училиштето има и Куќен ред со бр. 01-45/1 од 26.02.2014 кој е поставен на видни места во училиштето.

Раководството на училиштето смета дека води политика на заемно почитување и рамноправен третман, иако мал број на вработени сметаат дека тој однос може и треба да се подобрува.

Училиштето има донесено Правилник за надомест на штета предизвикана врз компјутерската опрема или друг инвентар во училничките простории. Учениците се однесуваат одговорно и дисциплинирано кон ИКТ и оттаму многу ретко се прекршуваат овие интерни правила на однесување.

Вработените во училиштето се грижат за безбедноста на учениците за време на одморите, приемот и нивното заминување. Дежурствата на наставниците по ходниците за време на одморите се спроведува во целост, а во дежурствата се вклучени и ученици од 6-9 одделение.

Во училиштето има формиран Училишен парламент, но на почетокот на учебната година сеуште не започнале со активности.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Постигањата на учениците во училиштето се промовираат на организирани свечености како што се прослава на патронниот празник (21$^{ви}$ ноември) и на крајот на учебната година. Училиштето врз основа на Правилник за видовите пофалби и награди на учениците, избира првенец на генерација. Поединечните или екипни успеси на натпревари и конкурси се афирмираат на училишната и веб страната на општина Берово.

Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици без разлика на полот и социјалниот статус на родителите. Сите ученици се од иста етничка припадност.

Училиштето преку разни форми ги запознава учениците со нивните права. Учениците немаа никаква забелешка на односот на наставниците кон нив.

Нема примери на нетранспарентност при оценувањето или вреднувањето на постигањата на учениците.

Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности, кои се застапени во сите пишани документи на училиштето.

Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници.

## 5.4 Партнерски однос со родителите, со локалната и со деловната заедница

Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето, преку формалните законски форми - Совет на родители и Училишен одбор. Членовите на Училишен одбор избрале претседател од редот на родителите.

Задолжително се одржуваат по две родителски средби на полугодие. Овие родителски средби понекогаш не се посетуваат масовно од родителите, од причини што наставниците им се постојано достапни на родителите и можат да добијат информации за успехот и поведението на своите деца во секое време.

Училиштето е отворено за соработка со родителите секој ден преку индивидуални средби со наставниците.

Родителите се запознаени со програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учениците на родителската средба која се организира на почетокот на учебната година.

Училиштето соработува со локалната самоуправа учествува во одбележувањето на значајни настани во општината и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето.

Соработката на училиштето со локалната и деловната заедница е директно, со вклучени членови во Училишен одбор и Совет на родители, кои доаѓаат од приватни фирми или други институции и се запознаваат со потребите и условите за работа во училиштето.

Училиштето соработува со институциите на локалната заедница, подрачни претставништва, училишта и други институции од општината и со Невладиниот сектор.

# 6. Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Воспитно образовната дејност во училиштето се реализира во една зграда, сопственост на ОУ „Никола Петров-Русински " - Русиново.

Училишната зграда е изградена во 1947 година со површина од 1 588 м$^2$ , располага со: 5 училници и 6 кабинети (француски јазик и информатика, биологија-хемија, аглиски јазик, историја-географија, математика-физика, македоски јазик-музичко образование). Во другите простории се сместени училишна библиотека, канцеларии за директор, наставници, стручна служба и административна служба, просторија за техничкиот персонал, работилница и др. помошни простории.

Училиштето располага со простран и целосно уреден училишен двор со површина од 4004 м$^2$, каде покрај биста на патронот има тревен дел со бекатон патеки и летниковец, како и поставени клупи за одмор на учениците но и за жителите на селото. Во дворот има и три повеќенаменски спортски игралишта со површина од 1800 м$^2$, на кои им се потребни минимални обновувања и одржување. Спортските терени се оградени со нова функционална ограда, како и предниот дел од дворот на училиштето.

Партерно е уреден и дворот пред влезот во училиштето, а вистински куриозитет претставува огромното иглолисно дрво Секвоја (Sequoia-Wikipedia) на влезот во училиштето, донесено од САД, а засадено од наставник и ученици пред повеќе од 30 години.

Спортската сала е повеќенаменска со нестандардна димензија и површина од 230 м$^2$. Салата ги задоволува условите за работа, според бројот на ученици, но сеуште нема простории за наставниците, соблекувални за учениците, простории каде ќе се сместат спортските реквизити и санитарни јазли, а затоплувањето е преку системот со топловодно греење..

Кога временските услови се поволни наставата по ФЗО се реализира на отворените спортски терени.

Просториите во училиштето се загреваат со тополоводен систем на нафта.

Зградата на училиштето е обезбедена со осум противпожарни апарати и истите редовно се сервисираат.

Училишните згради се осигурани од страна на училиштето, а учениците и вработените се осигурани во осигурителни компании на доброволна основа.

Санитарните јазли се целосно реконструирани, а училиштето сеуште нема простории за соблекувални на учениците кога реализираат настава по физичко образование. Училишната кујна не е во функција, но учениците ја користат трпезаријата за појадок кој го носат од дома.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава во една смена и за реализација на дополнителни вонннаставни активности. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети, со што ги задоволува потребите на учениците.

Одржувањето на хигиената во училиштето и училишниот двор е добра.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала преку анкети со наставниците, за осовременување и подобрување на наставата. Во 4 училници и исто толку кабинети се распоредени 4 смарт табли 28 персоналсни компјутери (од кои во кабинет по информатика има 10), Исто така училиштето обезбедило и 19 лап-топ компјутери кои ги користат наставниците и учениците. Во наставата се корисгат и ЛЦД-проектори, технички и нагледни средства во кабинет по хемија и биологија, историја и географија, како и спортски реквизити за наставата по ФЗО и музички инструменти за наставата по музичко образование.

Училишната библиотека располага со вкупно 2 895 наслови (8 350 примероци) од различен жанр (лектирни изданија-1070, енциклопедии-25, стручна литература-563, прирачници-106, поезија-400, романи-800 и странска литература-120). За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија, училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности.

Во библиотеката работат пет наставници кои со часовите во библиотека се дополнуваат до полно работно време.

Библиотекарите имаат изготвено Годишна програма за работа на библиотеката, која што е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Библиотечна евиденција се води во книга, но не и електронски.

Библиотеката е отворена за учениците, секој работен ден од 07.00 до 13.30 часот.

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставата. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши согласно планот на училиштето.

## 6.3 Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот процес во училиштето го реализираат 5 наставника во одделенска настава, 10 наставника во предметна настава или вкупно 15 наставници (13 со ВО и 2 со ВСС ). Од наставниот кадар 12 наставника се вработени на неопределено работно време со полн фонд на часови, 1 наставник е вработен на определено работно време со полн фонд на часови, 2 наставника се вработени на определено работно време со неполн фонд на часови. Во училиштето има и 6 наставници од други училишта кои се дополнети со помал фонд на часови.

Сите наставници се соодветни. Само еден наставник е приправник и на него му е одреден наставник ментор.

Освен наставниците во воспитно-образовниот процес се вклучени стручните соработници педагог и психолог..

Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот и се вработува наставен кадар во замена.

## 6.3 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Во училиштето се работи според Програма за усовршување и професионален развој на наставниците и таа е составен дел на Годишната програма за работа на

училиштето. Професионалниот развој има свое место и во долгорочните планирања односно во Програмата за развој на училиштето особено во делот на општото подигнување на нивото на познавање и користење на компјутерската технологија во наставата.

Наставниците од одделенска настава во изминатиот период биле окупирани со обуки поврзани со новата концепција во основното образование.

За наставниците во предметна настава се реализираат исто така понудените обуки од Биро за развој на образованието, а заеднички обуки во време на пандемија се обуките за онлајн настава.

Изборот на наставници кои учествуваат на овие обуки е транспарентен и правичен.

Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот во текот на учебната година, иако овие посети поради малиот броја на наставници и паралелки може да се зголеми на повеќе од еднаш на полугодие.

Стручната служба уредно води портфолија за професионален развој на наставниците.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските норми и прописи. Училиштето има донесено Финансиски план, усвоен извештај, усвоена завршна сметка и План за јавни набавки за 2022 година со бр. 01-13/1 од 28.01.2022. Во врска со јавните набавки, училиштето има формирано Комисија за јавни набавки.

Финансиското работење и завршните сметки се контролираат од Училишниот одбор. Училиштето добива финансиски средства од буџетот на РМ и не обезбедува средства од самофинансирање, иако има активна сметка за донации.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор и се предлагаат на усвојување до Советот на општината.

Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето.

Училиштето е во добра финансиска кондиција со обезбедени средства за набавка на нафта и редовно плаќање на сопствените сметки, но и инвестирање во одржување на училишниот објект.

# 7 Управување/раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

## 7.1 Управување и раководење со училиштето

Од состанокот одржан со членовите на Училишниот одбор (на кој присусутвуваа сите членови) и од увидот во документацијата, може да се констатира дека Училишниот одбор редовно се состанува, а сите членови се со легитимни мандати (Решенија бр.09-261/3 од 12.11.2021, 09-261/1 од 12.11.2021, 09-261/2 од 12.11.2021, 09-4091/1 од 30.11.2021, 09-260/1 од 12.11.2021, 09-260/2 од 12.11.2021 и 09-115/2 од 19.07.2022. Училишнот одбор има сопствена Годишна програма – прилог на Годишната програма за работа на училиштето.

Училишниот одбор има сопствен Деловник за работа, бр.0901-83/1 донесен на 27.02.2020 година.

Состаноците се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното присуство за работа. За одржаните состаноци се водат Записници и истите се усвојуваат на секоја наредна седница. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е добра. Претседателот на УО е од Совет на родители.

Директорот на училиштето е наставник по музичко образование и е избран за прв мандат од четири години во минатата учебна година со Решение од Градоначалник на општина Берово бр.08-2622/1 од 11.07.2022.

Периодот од именувањето на директорот до спроведувањето на интегралната евалуација е пократок од три месеци од кои еден е во време на годишни одмори. Од тие причини нема услови за евалуирање на придонесот на директорот за работата на училиштето.

Во периодот меѓу две интегрални евалуаци се реализирани неколку поголеми проекти со кои се подобрени условите за работа во училиштето и квалитетот на наставниот процес, како уреден и целосно ограден училишен двор, партерно уредување на влезот во училиштето, замена на под во канцеларии, набавка на компјутерска опрема итн.

Директорот ги идентификувал приоритетните проблеми за решавање како што се подобрување на затоплувањето во училниците на првиот спрат, замена на под во училници, изнајдување на решение за издавање на училишната кујна или обезбедување на фирми дистрибутери за организирана исхрана на учениците и наставниците итн.

Покрај средствата од МОН училиштето не обезбедува дополнителни средства.

Директорот учествува во работата на Наставнички Совет, соработува со родители, Градоначалникот и Совет на Општина како и со деловната заедница.

## 7.2 Цели и креирање на образовната политика

Училиштето своите цели ги дефинира во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.

Соработката и подршката од локалната самоуправа во реализацијата на локалната образовна политика, опфат и следење на редовност на учениците, вклучување во

локални манифестации и настани, целосно се реализираат од вработените во училиштето.

Државните политики во училиштето се спроведуваат преку реализација на наставните планови и програми, дополнителна и додатна настава, слободни ученички и воннаставни активности.

Во креирањето на целите и стратегиите е потребна целосна мобилизација од сите претставници на органите во училштето.

Опфатот на учениците е целосен, но и таков е недоволен за одржливост на училиштето. Падот од 50 проценти на вкупниот број на ученици за период од 10 години, може само да биде зголемен односно исто процентуално намалување на бројот на ученици да се случува за многу пократок период во блиска иднина.

Годишната програма за работа на училиштето е со дел.бр.01-32/3 од 22.07.2022 година истата е усвоена од советот на општина Берово со Заклучок бр.09-3132/1 од 22.08.2022 година

Училиштето има изготвено Самоевалуација бр. 09-160/4 од 29.06.2021 усвоена на седница на УО со Одлука бр.09-160/3 од 29.06.2021 година за период 2019-2021.

Во Самоевалуацијата се опфатени сите седум подрачја на вреднување со применети анкети, истражување, разговори, анализи и констатирани состојби со јаки и слаби страни.

Програмата за развој, бр. 01 – 180/1 од 07.07.2021, за период 2021-2025 година. Програмата за развој е усвоена на седница на Училишен одбор со Одлука бр.09-178/2 од 07.07.2022. Програмата за развој е изработена врз основа на наодите во Самоевалуацијата од крајот на учебната 2020/21 година.

Во неа се разработувааат седум развојни цели за предвидените подрачја на промени, со временска рамка за секоја учебна година во периодот од 2021 до 2025 година. Во програма се опфатени сите фази од концептот на развојно планирање. Анализите за состојбите и планирањата се изведени според концептот на интегралната евалуација односно се анализирани седумте подрачја за работа на училиштето.

Доказ дека Програмата е квалитетна и реална, се реализираните проекти во учебната 2021/22 година, како оградување и партерно уредување на училишен двор, бетонска заштита за одводнување на камени зидови од зграда на училиштето и набавка на компјутерска технологија.

Особено позитивен пример е предвидената евалуација на реализираните активности, со динамика предвидена во согласност со роковите на реализација на развојните цели. Во изработката на Програмата за развој покрај поранешната директорка учествувале и членовите на Училишен одбор чиј претседател бил сегашниот директор на училиштето.

**Годишната програма, Самоевалуацијата и Програмата за развој кореспондираат и постои поврзаност на податоците и анализите, што укажува на сериозен пристап при изработка на кратките и долгорочните програмски документи.**

# 8.Наоди и препораки

## Јаки страни

- Мал број на изостаноци по ученик и примерно поведение на сите ученици
- Солидна техничка опременост и нагледност
- Најголем број од наставниците се обучени за давање на прва помош
- Училиштето има интерен акт со шеми за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди и редовно извршува вежби за евакуација
- Уреден училишен двор и спортски терени
- Добро одржување на хигиена во училиштето и училишниот двор
- Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење.
- Квалитетни и реални програмски документи и самоевалуација

## Слаби страни

- При реализација на наставната програма по физичко и здравствено образование во I одделение, не се вклучува предметен наставник
- Работата на ученичкиот парламент;
- Следењето на наставниот процес се врши најмногу еднаш во полугодие
- Изборот на методи, задачи и активности за време на часот, не се приспособува на индивидуалните образовни потреби на учениците

## Препораки

- Наставата по физичко и здравствено образование во прво одделение да се организира и реализира согласно одредбите од член 54 став 5 од Законот за основно образование
- Подобрување на вклученоста и активностите на ученички парламент;
- Подобрување на следењето на наставниот процес
- Приспособување на индивидуалните образовни потреби на учениците, преку изборот на методи, задачи и активности за време на часот според тежински нивоа

| | |
|---|---|
| Сашко Ефтимовски, раководител на инспекциски тим | |
| Сузана Секуловска, инспектор | |
| Елена Павлова, инспектор | |